M11/1/A1MAC/HP1/MAC/TZ0/XX

22110181

International Baccalaureate®
Baccalauréat International
Bachillerato Internacional

**MACEDONIAN A1 – HIGHER LEVEL – PAPER 1**
**MACÉDONIEN A1 – NIVEAU SUPÉRIEUR – ÉPREUVE 1**
**MACEDONIO A1 – NIVEL SUPERIOR – PRUEBA 1**

Wednesday 11 May 2011 (morning)
Mercredi 11 mai 2011 (matin)
Miércoles 11 de mayo de 2011 (mañana)

2 hours / 2 heures / 2 horas

INSTRUCTIONS TO CANDIDATES

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Write a commentary on one passage only.

INSTRUCTIONS DESTINÉES AUX CANDIDATS

- N’ouvrez pas cette épreuve avant d’y être autorisé(e).
- Rédigez un commentaire sur un seul des passages.

INSTRUCCIONES PARA LOS ALUMNOS

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Escriba un comentario sobre un solo fragmento.


© International Baccalaureate Organization 2011

https://xtremepape.rs/

*Коментирајте **еден** од следниве:*

**1.**

**Ни ден без ред**

*(Еден вообичаен ден на еден обичен пензионер. На други не се однесува. Она што е познато само по себе е здодевно, а она што ни е непознато сé уште е вон кругот на нашиот интерес. Иако напишан, значи, расказов не мора да биде и прочитан.)*

Стануваш по навик рано, поправо не рано туку токму на време. Кога и другите вработени. Не се прашуваш дали навикот ти е од интернатскиот, од војничкиот или од службеничкиот живот. Главно, кога и да легнеш, наспан или недоспан, никогаш преспан, се будиш во исто време како будилник. Но сега, како пензионер, тоа им пречи на другите што одат на работа. Можеби не им пречиш, ама им се плеткаш меѓу нозе – во бањата, во кујната, во ходникот. На младите вработени во куќата не им е јасно зошто ти мораш истовремено со нив да зафаќаш место во клозетот, да им ја трошиш топлата вода за туширање, да им сениш пред огледалото за бричење и да го потураш преку ред своето ѓезве со кафе. Каде брза тоа дрто магаре, кога никој од него не бара да се потпише – кога му почнува денот, за да си го вади лебот?

Но, инерцијата на навикот е понекогаш посилна и од волјата за живот. За тоа на некој начин е свесен секој пензионер, па можеби и затоа колку повеќе ти ослабнува волјата за живот сé поупорно се држиш за навикот да се одржиш во живот. Пензионерот-интелектуалец, или барем писмениот пензионер, има уште поизразити мотиви да биде таков, зашто совршено му е јасно дека сега му е мајката да постави круна на своето животно дело, односно да го доврши на достоен и достоинствен начин.

Затоа, штом ќе отидат младите на работа, ти настапуваш на сцената. Додека бабата ги издржува внуците и внучките на нивните посебни нокшири, ти го носиш вчерашното ѓубре до најблискиот кнтејнер и патем правиш доброутро со разбудените соседи. Потоа земаш едно по едно внуче со двете раце и ги поведуваш во детската градинка, кажувајќи им ги попат имињата на маалските кучиња и објаснувајќи им ја разликата меѓу врабецот и косот. Децата го издржуваат тестот за спектрот според бојата на мачките, повеќе од колку бојата на облаците, а особен интерес пројавуваат во која куќа има дете помало од нив и во кое дуќанче има послатка мастика за џвакање.

На враќање од градинката свраќаш во самопослугата по леб и млеко, или сол и зејтин, или чај и шеќер. Потоа, додека го пиеш своето ретко кафе со зрнца сахарин, го составуваш списокот за на пазар. Сé мора да биде испишано по ред, онака како што ќе влегува во торбите, здола кромидот или компирот, згора пиперките и доматите, а не обратно. Она што не влегло во списокот, нема да влезе ни во торбите. Импровизациите се можни само со магданосот, целерот и цвеќето. Пусулчето за на пазар мора да се однесува строго пазарно, а не лабаво договорено.

Еднаш го беше изгубил, и тоа сред пазар, дали со вадење на шамивчето или со вадење на ситнежот, па се најде во небрано како да испазариш тој ден. Човек има еден ум, не два – па едниот да е за дома а другиот за на пазар. Во таа недоумица, а и турканица, ти доаѓа во пресрет, или заправо се судираш со некогашниот училишен другар а сега пензиониран хирург. Тој си го завршил пазарот и сиот светнат се



https://xtremepape.rs/

смалува под полните торби. Што се косиш, ти се чуди, еве ти го моето пусулче. Сите жени порачуваат исто: морков, цвекло и јаболка, тука нема грешка. Па како додаток на скапотијата а не на пензијата, ве еден здив ти го кажува вицот за мртовецот, кому не можеле да му останат рацете вкрстени на папакот, зашто му биле истегнати од носење торби. Што мислиш, кој бил? Пензионер, братче, …

од Димитар Солев, *Царски рез*, Диверсити Интернешонал ПЕН (2008)



https://xtremepape.rs/

**2.**

**Враќањето на победниците**

Високите огнови го вестеа враќањето на храбриот маж
по десетгодишниот бој
Троја е веќе во пеплишта и чад
а пленот и златото ги влечат кон победничката Елада
Слават Микена и Арг
се радуваат Итака и Пил
чекајќи ги под маслинките корабите полни
Пред триумфот на Агамемнон се постилаат извици и цвеќе
и победничките рогови собираат на празнување

Но еве веќе Касандра попусто го одвраќа господарот нов
од блесокот на дворецот
од портите на постелата
Зашто да се претчуствува не е и да се запре
отворената суводолица на крвта што надојдена ќе ја заокружи
залудноста на долгиот повод
Таа сал да го види може отаде сништата свои
предавничкиот удар не сечилото
во крвта на клетата надеж
и в плотта кревка своја
Црвен белег на реченото што се прпелка немоќен веќе
во мрежата на времето

И ене победниците нови пехарите ги креваат свои
кон окрвавеното небо
од кое капе и во небиднина истечува
крвта на штирата победа.

од Матеја Матевски, *Завевање*, Зумпрес (1995)



https://xtremepape.rs/